Бр. 12-2633/5
07-11-2019 год.

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава за корупција, на 23-та седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката по предметот број 12-2633 од 2019 година, оформен по пријава бр.12-2633/1 од 08.05.2019 година од непознат подносител - за утврдување на прекршувања на одредбата од член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/2019), .

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-2633 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2633/1 од 08.05.2019година.

Предметот со број 12-2633 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2633 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр.12 -2633/1 од 08.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата, изнесени се наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, против Државна лотарија на Македонија, за отворена постапка за јавна набавка во предизборен процес за набавка на автомобил.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање за доставување на податоци и информации од Државна лотарија на Македонија, на кое кај Државната комисија е примен одговор – писмено со кој се доставуваат бараните податоци, информации и документација во врска со објавените огласи и спроведените постапки по јавните набавки по распишување на изборите за претседател и предвремените локални избори во три општини.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, проверката на основаноста на предметните наводи и преземените процесни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

- Спроведените постапки за јавни набавки по предметните јавните повици, меѓу кои и конкретната јавна набавка, биле дел од редовното работење на Државната лотарија на Македонија, од самото нејзино основање;

- Спроведените постапки за набавка на стоковни добивки не преставуваат јавни набавки во смисла на одредбите на Законот за јавни набавки, туку истите биле предвидени и спроведени согласно претходна динамика утврдена со Динамичниот план за работењето на Друштвото, кој содржел проекција на резултати по игри и по месеци во текот на годината, што претставува дел на Финансискиот план за секоја година па и за 2019 година, а кој е доставен како дел од добиената документација;

- Друштвото вршело набавка за натамошно пренесување на добивките, со фонд на добивки, утврден со правилата на определена игра, кој се формирал од уплатата на влоговите на играчите во согласност со одредбите на Законот за игрите на среќа и забавните игри, а не од средствата на друштвото;

- Набавката на стоковите добивки односно добивките во предметите се вршела од средства на фондот на играта, кој пак се формирал од уплата на влоговите на играчите, а не од средствата на Друштвото ниту пак од буџетски средства, што значи дека немало директни финансиски ефекти врз работењето на Друштвото;

- Погоре наведеното правно е потврдено и со мислења добиени од страна на Бирото за јавни набавки и Државниот завод за ревизија со кои се потврдува дека стоките од стоковниот фонд на награди не се набавуваат за потребите на Државната лотарија на Македонија поврзани со нејзиното извршување на надлежностите, туку се наменети за потребите на крајните корисници – играчи на игрите на среќа, утврдени со претходна динамика со Динамичниот план за работењето на друштвото кој содржи проекција на резултати по игри и по месеци во текот на годината.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од доставената пријава не се потврдени, предметните постапки по објавените повици спроведени од страна Државната лотарија на Македонија, не се во спротивност со одредбите од членот 8-а од Изборниот законик и одредбите од членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за понатамошно постапување по овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 01 ноември 2019 година под бр. 12- 2663/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**